Бр./Nr 12-1287/8
18-11-2025 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 25-та седница одржана на 12.11.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-1287/1 од 19.03.2025 година, оформен по доставена пријава против Државниот правобранител на --- --- и Државниот правобранител на --- за подрачје --- ---, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот. За предметниот случај постапува друг надлежен орган.

Предметот со бр. 12-1287/1 од 19.03.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 19.03.2025 година, поднесена е пријава против Државниот правобранител на --- --- и Државниот правобранител на --- за подрачје --- --- и оформен е предмет бр. 12-1287/1 од 19.03.2025 година.
Подносителот на пријавата укажува на непостапување во решавањето на предметот бр. --- спрема ингеренциите, надлежностите и овластувањата на Органот на Државно Правобранителство на ---, како и спрема членот 225 од КЗ на РСМ, односно параграфите 1 и 2 од истиот за узурпација на недвижности во државна сопственост.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.
Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:
Јавното обвинителство на Република Северна Македонија (понатаму: ЈОРСМ), со допис – Информација А. бр. --- од 29.09.2025 година, ни доставува Информација РО. бр.--- од 25.09.2025 на Основното јавно обвинителство --- (понатаму: ОЈО ---).
Видно од горенаведената информација, во ОЈО --- бил оформен предмет РО.бр. --- против Државниот правобранител на --- --- и Државиот правобранител --- за подрачјето на ---. По добивањето на претставката со прилог на документација и по проучување на наводите истакнати во истата кои што се однесуваат на непостапување во решавање на предметот ПР.бр. --- согласно ингеренциите, надлежностите и овластувањата, а по поднесена пријава од страна на лицето --- (подносителот на пријавата до ДКСК), се преземале дејствија во насока на потврдување на основаноста на истата како и постоење на евентуално сторено кривично дело кое се гони по сужбена должност. Од страна на ОЈО --- бил извршен увид во веќе оформен предмет во обвинителството, по што се утврдило дека, од страна на Државното правобранителство, односно Државен правобранител за подрачје --- --- на ден 03.06.2024 година, до ОЈО --- имало поднесено писмено известување со бр. ПР.бр. --- со Барање за постапување во однос на тоа да се испита, дали од страна на лицето --- е сторено кривично дело Узурпација од чл. 225 од КЗ, односно дали од страна на осомничениот противправно е узурпирано дел од државно земјиште кое лежи на КП .бр. --- за КО --- и доколку е да се поведе постапка. Постапувајќи по поднесеното барање, од страна на ДП за подрачје Кичево, во ОЈО Кичево бил оформен е предмет со КО.бр. --- против лицето --- од с. --- за кривично дело Узурпација од чл. 225 од КЗ, а поради постоење на основано сомневање дека истиот противправно узурпирал дел од државно земјиште кое лежи на КП.бр. --- за КО ---. Во меѓувреме, за истиот настан и со исти наводи до ОЈО --- доставена е уште една кривична пријава, но сега од страна на лицето --- од с. ---, а исто така против осомничениот --- за кривично дело Узурпација од чл. 225 од КЗ. Па оттука, имајќи во предвид дека се работи за ист фактички и правен настан како и дека се работи за исто

осомничено лице и во двете пријави поднесени до ОЈО ---, се одлучило да истите се спојат и заведат во еден предмет и тоа под КО.бр. --- и по истиот ОЈО --- активно преземал дејствија, во насока на утврдување на постоење на кривично дело и кривична одговорност.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот, односно дека за предметниот случај постапува друг надлежен орган, каде во тек е прибавување на доказен материјал, по што ќе биде донесена соодветна јавнообвинителска одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: З.Б. член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk